Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје**, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило ( јавно зеленило ) и тоа: 28(дваесет и осум) дрва (7 чемпреси, 7 каталпи, 5 тополи, 5 гледичи, 4 ореви) што се наоѓаат **на** трасата на изведба, на КП 814 КО Злокуќани и КП 1460 КО Чаир, пред раскрсницата на ул. "Калош Дани" со Бул. Никола Карев – Скопје.
2.Сечењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3.Сечењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

**Сектор за планирање и уредување на просторот - Скопје,** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **13-сл** од **19.12.2025** година, за сечење на дрвата што се наоѓаат **на** трасата на изведба , на КП 814 КО Злокуќани и КП 1460 КО Чаир, пред раскрсницата на ул. "Калош Дани" со Бул. Никола Карев – Скопје.
Вработени стручни лица, од Град Скопје заедно со стручните лица од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата предмет на барањето пречат за изведба на градежни работи согласно Правосилно одобрение за градба 08-6847/1 од 12.07.2021 година издадено од Град Скопје, за изградба на раскрсница на ул. Скупи, раскрсница со бул. 8 Септември, бул. Никола Карев и ул. Словенечка.
Согласно член 8, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18, 42/20 и 224/24), јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, . Согласно член 13 од истиот закон надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП ,, Паркови и зеленило,,- Скопје.
Во член 34 став 1 од истиот закон е наведено дека интервенцијата врз зеленило може да се врши и заради изградба на објекти предвидени со урбанистички планови. Во став 2 од истиот член е наведено дека условите за реализација се утврдуваат во самото решение. Во конкретниот случај, овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и дека

барателот располага со правосилно одобрение за градба и  дрвата пречат за изведба на градежни работи.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-13-сл/2**
**19.12.2025** година
Скопје

**Доставено до:**
-Барателот
-ЈП "Паркови и зеленило"
-Архива

Виш соработник
**Марија Стојановска**
____________________

Контролирал:
Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**
____________________

Пом.Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**
____________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**
____________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Врз основа на член 108 став 4 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15 и 65/18 ) , постапувајќи по барање на Сектор за планирање и уредување на просторот, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се укинува одложното дејствие на жалбата на решението бр.**14-13-сл/2** од 19.12.2025 год. донесено од Градоначалникот на Град Скопје.
**2**. Решението бр. **14-13-сл/2** од 19.12.2025 год., донесено од Градоначалникот на Град Скопје може да се реализира веднаш.
3.Ова решение е конечно и извршно.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Постапувајќи по барање на Сектор за планирање и уреување на просторот, заедно со стручни лица од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје има направено увид. При увидот е утврдено дека дрвата пречат за изведба на градежни работи пред раскрсницата на ул. Калош Дани со Бул. Никола Карев.
Во член 108 став 3 од Законот за општата управна постапка (Сл.Весник на РМ бр.124/15) стои, дека одложното дејство на жалбата може да се укине ако е потребно да се преземат итни мерки за јавниот интерес, или ако поради одлагање на извршувањето на странката би и била нанесена штета што не би можела да се надомести.
Во став 4 од истиот член стои дека укинувањето на одложното дејство се прави со посебен управен акт.
Овој орган како неспорно има утврдено дека постои потреба од сечење на 28 дрва (7 чемпреси, 7 каталпи, 5 тополи, 5 гледичи и 4 ореви) и со реализација на решението значително ќе се овозможи убрзување на градежни работи за изградба на раскрсница на ул. Скупи, раскрсница со Бул. 8 Септември, Бул. Никола Карев и ул. Словенечка, за што постои јавен интерес, па согласно на тоа, смета дека треба да се укине одложното дејствие на жалбата.

Поради наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од седум дена.

**Бр. 14-13-сл/3**
**19.12.2025** година
Скопје

**Доставено до:**
- Барателот
- Архива

Виш соработник
**Марија Стојановска**

________________

Раководител на одделение
**Емил Ѓуровиќ**

________________

Помошник Раководител на сектор
**Петар Гичаровски**

________________

Градоначалник на Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

________________